## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Vitup® B12 1000**
**30 сублингвални таблети**

**Упатството за пациентот содржи:**
1.Што претставува **Vitup® B12 1000** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Vitup® B12 1000** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Vitup® B12 1000** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Vitup® B12 1000**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

1. **Што претставува Vitup® B12 1000 и за што се употребува?**

**Vitup® B12 1000 е додаток во исхраната со засладувач и претставува дополнителен извор на витамин $Б_{12}$ кој можат да го користат и возрасни и деца постари од 12 години.** Наменет е за постари лица, спортисти и лица коишто се чувствуваат изморено и исцрпено.
**Витаминот $Б_{12}$** придонесува за нормален енергетски метаболизам, намалување на замор и исцрпеност, нормално производство на црвени крвни клетки, нормална функција на нервниот систем, нормални психолошки функции, нормална функција на имунолошкиот систем, нормален метаболизам на хомоцистеин и има улога во клеточната делба.

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Vitup® B12 1000**

**Немојте да го земате/употребувате Vitup® B12 1000** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Vitup® B12 1000**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Vitup® B12 1000** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

**Важни информации за некои состојки на Vitup® B12 1000**
Производот не смеат да го употребуваат лица кои се преосетливи на која било од состојките на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине!

Производот не е наменет за деца под 12 -годишна возраст.

Прекумерната употреба може да предизвика лаксативно дејство.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Vitup® B12 1000**
Возрасни и деца постари од 12 години: Еднаш дневно постепено под јазикот да се растопи една сублингвална таблета.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Vitup® B12 1000**
Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Vitup® B12 1000**
Да се чува во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага на температура до 25°C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 таблета | % НРВ* | 100 g |
|---|---|---|---|
| Витамин Б$_{12}$ (метилкобаламин) | 1.000 µg | 40.000 | 1 g |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

**Состојки:** ксилитол (засладувач), метилкобаламин, магнезиум стеарат (средство против згрудчување), арома на вишна.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

| Нутритивни информации: | 1 таблета (0,1 g) | 100 g |
|---|---|---|
| Енергетска вредност/вредност (kJ / kcal) | 1 / 0 | 1.023 / 246 |
| Масти – вкупно (g) | < 0,5 | 1 |
| Од тоа заситени масни киселини (g) | 0 | 0 |
| Јаглехидрати – вкупно (g) | < 0,5 | 98 |
| од тоа шеќери (g) | 0 | 0 |
| Протеини (g) | 0 | 0 |
| Сол (g) | 0 | 0 |

**Изглед на граничен производ и пакување**

30 сублингвални таблети

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
Phytonet doo Stevana Opacica 4/4 Rakovica 11090 Beograd за Galenika a.d. Београд, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ